Коле ЈОВАНОВСКИ

# АКСИОЛОГИЈАТА НА ВИЛХЕЛМ ВИНДЕЛБАНД

„Филозофијата е наука за нормативната свест, која се претставува како систем од норми што важат објективно, но кои и во субјективната свест треба да бидат реализирани."

*Винделбанд*

„Требањето (Sollen) и битието (Sein), вредноста и стварноста мора да бидат различни. Ако нормата и стварноста би се совпаднале, тогаш би престанало секое проценување, чиј алтернативен карактер во потврдувањето и одрекувањето ја претпоставува оваа различност."

*Винделбанд*

Германската идеалистичка аксиологија, покрај феноменолошката концептуализација на феноменот на вредноста контекстуализиран во аксиолошките концепти на Макс Шелер и Николај Хартман, ја конституираат и значајните претставници на новокантовската аксиологија, попрецизно, на баденската школа на оваа современа филозофска струја, германските филозофи Вилхелм Винделбанд и Хајнрих Рикерт. Предмет на оваа студија е концизна елаборација на аксиолошките согледби на Винделбанд, кои лапидарно можат да се епитомизираат со синтагмата аксиолошки априоризам и апсолутизам.

Како автентичен репрезент на новокантовската филозофска оптика, Винделбанд определувањето на филозофијата го специфицира во аксиолошка смисла, врз основа на диференцирањето меѓу судењето (Urteile) и проценувањето (Beurteilungen). Додека во судењето се изразува припаѓањето на еден предикат на субјектот за кого нешто се тврди, во проценувањето, вреднувањето, се манифестира однос на свеста која суди кон соодветниот, даден предмет. Спецификата на филозофското тематизирање на вредносното проценување не се манифестира во визурата на нивното фактичко и нужно збиднување, туку

од аспект на оптиката на важењето, значи, не е прашање на фактите (quaestio facti), туку прашање на важењето (quaestio iuris). Таа се прашува кои од нив можат да ја задоволат претензијата, интендирањето за апсолутно, објективно, транстемпорално важење.

Според тоа, Винделбанд филозофијата ја специфицира како наука за принципите на апсолутното проценување. Проценувањето, vis à vis судењето, е определување на вредностите, а не анализа на односите, процесите и врските меѓу предметите. Следствено, филозофијата de facto е теорија за вредностите, филозофија на вредностите, аксиологија. Дури и повеќе, Винделбанд валидитетот на филозофијата во нејзината современа концептуализација го епитомизира само како учење за општоважечките вредности: „Таа има свое сопствено поле и свои сопствени задачи во оние општоважечки вредности кои ја сочинуваат основата на сите културни функции и ’рбетот на секој посебен вредносен живот. Но и овие таа ќе ги опишува и објаснува само затоа за да би поднела сметка за нивното важење: таа не ги третира како факти, туку како *норми*.“ (Потцртал К.Ј.)[1]

Реализацијата на својата примарна цел за признавање на апсолутното, невременско важење, важење по себе (an sich) на вредностите, Винделбанд ја концептуализира со помош на две оптики на концептуализација: преку рангирање и степенување на вредносното проценување кои имаат искуствена верификација и преку докажување дека секое проценување и спознавање веќе претпоставува како важечки, значи како априорно дадени, извесни основни аксиоми и норми.

Повеќестепеноста и различноста на проценувањето започнува со проценувањата од прв ранг или степен, кои се мошне различни и делумно, субјективно вистинити, па затоа инволвираат некоја нивелација и поцврста фундација. Таа се реализира со проценувањата од втор степен, во кои се пројавува општата, вкупна свест (Gesamtbewusstsein), како израз и квинтесенција на она што се нарекува обичај. „Оваа шарена разновидност на проценувања, вели Винделбанд, ни се олеснува на почеток со тоа што во животниот круг кон кого прво сме упатени, наспроти овие индивидуални различности, затекнуваме определена мера на општо признато и општо извршено проценување која најдобро

[1] Windelband, Wilhelm.: Lehrbuch der Geschichte der Philosophie, 5 Aufl., Tübingen, 1910, s. 564

ја означуваме со името обичај. Во многуте форми на надворешното и внатрешното, туѓото и сопственото воспитување ја констатираме власта на обичајот над личните проценувања на индивидуите. Она што е општо признаено важи како исправно проценување, индивидуалното треба да се приклучи и со него да се усогласува. Во ова може да се гледа психолошката сушност на совеста: таа е гласот на општата свест во поединечната свест."[2] Општата свест обезбедува ценење од втор степен, таа е проценување на ценење (Wertung des Wertens). Степенувањето и рангирањето на вредносното проценување преку фактичката индивидуална свест и фактичката општа свест кулминира во промовирањето на нормативната свест.

Највисокото мерило за највисокото вредносно проценување гласи: над индивидуално субјективни и општо субјективни вредности постојат и апсолутни, безвременски вредности, вредности по себе (а не за нас!).

Вредноста по себе мораме да ја бараме за да излеземе од релативноста на фактичкото ценење, а со оглед дека вредности постојат само во корелација со свест која проценува, вредноста по себе укажува на веќе посочената нормативна свест, се разбира дури како постулат, а не како метафизичко спознавање.

Во настојувањето на оваа аксиолошка критериологија да ѝ обезбеди највисока мериторна инстанца, Винделбанд вели: „Уверувањето дека за човечкото спознавање има норми кои се воздигаат над емпириските поводи на неговото пројавување почива врз претпоставката дека тука владее еден повисок умен ред. Штом сакаме овој поредок да го замислиме како содржина на една повисока реална свест во аналогија со во нас доживеаниот однос на свеста кон нејзините предмети и вредности, мораме да го претставиме како содржински определби на еден апсолутен ум, т.е. бог."[3] Според тоа, постулираните апсолутни вредности, вредностите по себе и апсолутните мерила и норми, Винделбанд ги ситуира и во апсолутно мериторна, критериолошка и легислативна инстанца - во бога! Затоа хрватскиот филозоф Маријан Ткалчиќ аксиологијата ја нарекол граѓанска теологија.[4] Но, тогаш,

---

[2] Windelband, W.: Einleitung in die Philosophie, 3 Aufl., Tübingen, 1923, s. 252

[3] Исто, стр. 255

[4] Tkalčić, Marijan: Dijalektičko jedinstvo odgoja, obrazovanja i nastave, Zagreb, 1951, str. 54

Винделбанд нема право да зборува за апсолутни, безвременски, вредности по себе, туку за вредности според, по и за бога!

За да се надмине ова отуѓување на вредностите од човекот, било со нивното втемелување во божјиот ум, било со сфаќањето дека има вредности по себе, мора да се одговори на прашањето: како тогаш вредностите корелираат со нас, како се вредности за нас, како ние учествуваме во нив?

Германскиот филозоф Роберт Рајнингер, во врска со оваа медијација меѓу човекот и вредностите, вели: „Зборовите за некое учествување во него (т.е. трансцендентното вредносно царство), за продирањето или навлегувањето на нашата вредносна свест во трансцендентното или за едно внатрешно прислушкување на заповедта која од него произлегува, се движат, сепак, само во метафори кои не кажуваат ништо ако не може да се покаже што овде реално се случува и како се случува.“[5] Како израз на немоќта да ја реши посоченава медијација, Винделбанд мора да признае дека „нашето учествување во структурирањето на вредносното царство е *несфатлива* (потцртал К.Ј.) тајна на секоја духовна дејност.“[6] Ниту повикувањето на инстанцата на религиската свест не помага многу: „Ако безвременските вредности на повисоките животни редови треба да се остварат, зошто тие во нивната безвременост не се однапред и еднаш за секогаш стварни? И, од друга страна, ако во ова непопустливо напињање на нашето посакување низ историјата се обликуваат само временските интереси на еден анимален вид предопределен на пропаст, како смееме да зборуваме за вредности кои во тоа треба да се пробијат со безвременско важење? Во оваа основна спротивност на временското и безвременското не помага ниту некаков метафизички увид, но ниту некаков етички постулат: таа ја сочинува конечно основната црта во нерешливиот проблем на религиозната свест.“[7]

Во обидот за апсолутноста на вредностите да најде некакво антрополошко фундирање, Винделбанд се повикува на Кантовиот априоризам во конципирањето на човековата когнитивна моќ. Тој смета дека во сите области на човековото спознавање постојат некои

[5] Reininger, Robert: Wertphilosophie und Ethik, Wien-Leipzig, 1939, s. 50
[6] Windelband, W.: Präludien II, 9 Aufl., Tübingen, 1924, s. 291
[7] Windelband, W.: Einleitung, s. 361-362

основни принципи, чие важење мора да се претпостави и усвои реализацијата на можноста на какво било спознание и какво било искуство. Категориите не се априорни во смисла дека временски му претходат на искуството, туку што мора да бидат присутни во секое искуство ако сака да биде искуство, т.е. средено спознавање. Без нив перцепциите како конкретно емпириско спознание би биле слепи; но и тие без перцепциите би останале празни. Според тоа, априоритетот значи нешто друго од временското претходење на искуството: тој и за Винделбанд значи општост и нужност на принципите, аксиомите и нормите како логички и гносеолошки предуслови на искуството. Никакво генетско-историско, психолошко изведување и објаснување на „потеклото“ на овие општи принципи не е можно. Но, тој мора да признае дека тие своето стварно важење и манифестирање го оделотворуваат искуствено: „Ниедна норма не доаѓа поинаку до свеста освен преку емпириските посредувања: нивниот априоритет нема никаква врска со психолошкиот приоритет. Но историјата на нивното настанување секогаш е само историја на нивните поттици.“[8] Значи, искуството е само повод за пројавување на аксиомите, нормите, принципите да дојдат до свест; инаку, тие се тука, како такви, а исто важи и за општите вредности. Да се докажува нивното потекло не е можно, оти при тоа ги препоставуваме како такви, важечки. Нивната „нужност“ во никој случај не може да се изведе од каде и да било, таа може само да биде презентирана; таа не се произведува, туку само се доведува до свест. Тие не се докажуваат, ниту можат да се докажат, бидејќи над нив нема ништо повеќе; тогаш следува дека нема ни потреба да се докажуваат, оти се евидентни.

Каква е тематизиранава општост, нужност и објективност на важење на овие основни принципи и норми? Кога се вели дека се општи и дека важат, значи ли тоа дека стварно се признаени, дека реално се изразуваат во секој конкретен чин на поединечно, конкретно определена свест? Не значи, оти тие и не се секогаш стварно признаени. „Па сепак, вели Винделбанд, ние сме уверени дека покрај овие нужности на сметање на нешто за вистинито, кое се одвива природнозаконито, постои и една апсолутна вредносна определба, според која

---

[8] Windelband, W.: Präludien, II, s. 165

*треба* да се одлучи за вистинитото и лажното, сеедно дали тоа се случува или не се случува."[9]

Според тоа, аксиомите, нормите, елементарните принципи се општо важечки не во смисла на општо стварно признавање, туку во смисла на увидување дека треба да се признаат ако сакаме и нашето стварно мислење да добие општо признавање и значење. Нивната нужност е телеолошка: за да дојдеме до вистинити когниции, до општоважечки вредносни проценки, тие *треба* стварно да дојдат до израз, да се здобијат со самосвест во нашата свест. Тие мора да се манифестираат во однос на конкретните акти на свеста која спознава и проценува како *требање* (Sollen) и затоа што таа не ги применува секогаш и целосно. Отаде нивното општо важење не е фактичко, туку *идеално*. „Општото важење за кое овде се работи не е фактичко, туку идеално; не е она кое е стварно, туку едно важење кое треба да биде."[10]

Но токму затоа што конкретната емпириска свест не ги поседува и не ги применува секогаш овие општи принципи, тогаш, според Винделбанд, мораме да го усвоиме постоењето на една *нормативна свест* која ги поставува овие принципи и норми.

Во врска со тоа Винделбанд вели: „Секаде, значи, каде што емпириската свест ја открива во себе оваа идеална нужност на она што треба да важи како општо, наидува на *нормативната свест*, чија сушност *за нас* постои во тоа што сме уверени дека таа треба да биде стварна, без оглед на тоа дали е стварна во природниот нужен развиток на емпириската свест. Макар колку бил малечок степенот и обемот во кој оваа нормативна свест ја проникнува емпириската и се уважува во неа, сепак, сите логички, етички и естетички проценувања се изградени врз уверувањето дека постои една таква нормативна свест, до која треба да се воздигнеме ако нашите проценувања треба да претендираат на нужна општа важност: една нормативна свест која не важи во смисла на стварна признаеност туку треба да важи - никаква емпириска стварност, туку еден идеал според кој треба да се мери вредноста на секоја емпириска стварност."[11]

---

[9] Windelband, W.: Präludien I, s. 45

[10] Исто, стр. 42

[11] Исто, стр. 44

Значи, постојат општи принципи и норми кои секогаш стварно не се признаваат, но за кои непосредно увидуваме дека треба да се воздигнуваме кон нив и кои со општи формални, логички предуслови за секое стварно спознавање и вредносно проценување. Според Винделбанд нив ги има не само во логиката туку и во етиката и естетиката, односно во моралот и уметноста. Во областа на етиката таков еден општ принцип како претпоставка за реализација на сета архитектоника на моралната вредносна карактеристика и контекстуализација на етичките вредносни проценувања и постапки би била општата свест за должноста; таа свест за должноста не е априорна во временска, туку во логичка смисла, како нужен предуслов и претпоставка за конкретизација во структурирањето на адекватна морална пракса.

Според тоа, аксиомите и нормите го конституираат асеитетот и персеитетот на она што се изразува со Винделбандовата синтагма нормативна свест која, да не заборавиме, не треба да ја сфатиме како нешто специфично човечко.

Во врска со априоризмот на основните вредносни норми, Винделбанд смета дека тие норми мора да се набљудуваат како дадени претпоставки на секое конкретно вредносно проценување. Должноста воопшто, едно општо формално треба е претпоставка за реализација на поединечни конкретни должности. Тоа претходење е суштинско и логичко, а не временско. Меѓутоа, тој не увидува дека и ваквото а приори мора да се транспонира во временско, бидејќи човекот не се воведува одеднаш, нагло и автоматски во одделните должности, туку ги стекнува и конкретизира во темпоралната иманенција на својата егзистенција; тогаш тоа значи дека ниту должноста воопшто не дошла до своето манифестирање, а ако не се пројавила, а е предуслов на поединечните конкретни морални и вредносни постапки, значи дека сепак постои и пред нив. Можеме ли воопшто, во кој било облик, да ја разделиме формата од содржината, општото формално треба од манифестирањето на поединечните конкретни должности? Ако се тргне од неговото сфаќање дека „ниедна норма не доаѓа до свеста поинаку освен преку емпириските посредувања“[12], тогаш логично се доаѓа до

[12] Windelband, W.: Präludien II, s.165

заклучокот дека и самата таа норма е нешто емпириско, нешто што произлегува од стварноста. Според тоа, Винделбандовиот априоризам и формализам во концепирањето на вредностите воопшто и на моралните норми посебно е неодржлив и внатрешно некохерентен.

Мора да се отфрли и Винделбандовиот третман на апсолутноста на вредносните норми. Апсолутните критериуми врз основа на кои во крајна линија одлучуваме и се снаоѓаме во шаренилото на индивидуалните и социјалните, локалните и временските различности, Винделбанд ги лоцира токму во овие априорни норми; а ако е точно, а точно е, дека тие норми не се невременски и надвременски, тогаш не се ниту апсолутни во смисла на некоја вечна фиксираност и даденост.

Не може да се прифати ниту Винделбандовата концепција - постулирање на нормативната свест. Тој нормативната свест ја изделува строго од конкретната емпириска свест. Таа, навистина, да бидам попрецизен, ја проникнува делумно емпириската свест, но, сепак, претставува нешто надемпириско. Меѓутоа, ако нејзините нормативни стипулации не се надемпириски, не може тоа да биде ниту таа. Во операционализацијата и концептуализацијата на својот идеален поим нормативна свест, Винделбанд ја изделува конкретната свест доколку поставува норми и ја претвора во еден метафизички феномен. Во врска со тоа Конрад Видерхолд точно забележува: „Ако поимот ‚свест воопшто' како и нормативната свест треба да бидат нешто друго освен логичка помошничка или фикција, тие можат да се сфатат само како метафизички принципи, како поими на системот."[13]

Нормативната свест не може да биде единствената основа во вредносното проценување. Ако нејзините определници и интендирања се надемпириски и априорни, ако историјата е само адекватна темпорална локација за нивното манифестирање, а не историја на нивното создавање и оделотворување, тогаш зошто таа секогаш не го покажувала и конкретизирала непогрешливо тој пат? Концептуализацијата на општите нормативни интендирања на нормативната свест мора да биде посредувана со темпоралната контекстуализација на реалните, историски дадени, временски, актуелни чинители на соодветното вредносно проценување на адекватен вредносен објект.

---

[13] Wiederhold, Konrad: Wertbegriff und Wertphilosophie, Berlin, 1920, s.73-74

Во врска со важењето по себе, ќе го констатираме следново: ако човекот ги создава вредностите, вредноста не може да важи без свеста за која нешто вреди, тогаш претпоставката за важењето по себе мора да се отфрли.

Се разбира, вредностите се дадени независно од тоа дали ги признава оваа или онаа конкретна свест, но не можат да важат без секоја свест. Според тоа, важењето по себе може да има вредност само ако се третира како метафизички феномен. Но во тој случај, валидитетот на ова важење по себе не се третира како стварно признавање, конкретизирање и оделотворување од страна на луѓето, останува во сферата на идеалтипската концептуализација-трансценденција, далеку од секоја конкретизација во бидувачка контекстуализација-иманенција, не се модифицира од идеалтипско когнитивно важење по себе во онтичко „важење за нас", за мене, за тебе, за човекот како конкретен вредносен микрокосмос. А во таквата аксиолошка артикулација важењето по себе нема стварно значење.

Покрај априоризмот, важењето по себе, претпоставката за безвременските и надвременските вредности, аксиолошкиот концепт и филозофем на Винделбанд се карактеризира и со дуалистичко определување на односот меѓу вредноста и стварноста. Ако се тргне од претпоставката дека вредностите се безвременски и априорни, дека нивното потекло е во божјиот или светски ум, па потоа се „субјективираат" како априорни определби на „нормативната свест", односно се прекине ли нивната онтичка врска со конкретната емпириска стварност, субјективна и објективна, дека таа не може да ги произведе и конкретизира во нивната реализациска и исполнувачка конфигурација, тогаш нужно се создава еден непремостлив дуализам и хоризам меѓу безвременското и временското, вредносното и стварносното, онтолошкото и онтичкото, општото и поединечното. Но, покрај методолошко-теоретски, Винделбанд за посочениов дуализам наоѓа и реални генетски и конститутивни корени, поконкретно, во несовршеноста и во природата и во човечкиот живот. Во природата е манифестно не само она што ја реализирало својата вредносна таквост, туку и она што аксиолошки е неуспешно, нецелесообразно.

Во врска со специфичната димензија на човековиот аксиолошки живот „сиот тој покажал една неисполнетост или дури неис-

полнливост на барањата кои се поставуваат не само за претставите на предметите, туку и за самата стварност."[14] Но таа неисполнетост и неисполнливост се нужни за воопшто да би можел да се постави феноменот на вредноста: „Требањето (Sollen) и битието (Sein), вредноста и стварноста, мора да бидат различни. Ако нормата и стварноста би се совпаднале, тогаш би престанало секое проценување, чиј алтернативен карактер во потврдувањето и негирањето ја претпоставува оваа различност. Не би имало никакво логичко проценување на вистинитото и лажното ако природната нужност би водела само кон точни резултати, - никакво етичко проценување на доброто и злото ако природниот процес на мотивацијата би го остварувал моралниот закон во секое посакување и дејствување, - никакво естетичко проценување за убавото и грдото ако во природните творби на природата и уметноста значајната содржина би доаѓала до целосен израз: како што и секое хедонско проценување би престанало ако во животот сѐ би било пријатно и корисно... На фактот на проценувањето нужно му припаѓа дуалитетот на вредносното и спротивното на вредносното во стварноста."[15]

Овој дуализам нема само аксиолошко-критериолошка, туку и практична димензија. Тој е вечен стимул за човековата волја да се ангажира и да ја конституира областа на вистинитото, доброто, убавото, успешното. „Ако стварноста и вредноста би се совпаднале, тогаш не би имало никакво посакување и никакво случување: оти тогаш сѐ би останало во вечната готовост. Најдлабоката смисла на вредноста е разликата меѓу она што е и она што треба да биде, која никогаш не може да се укине."[16] А бидејќи оваа разлика, која се одразува во нашата волја, го сочинува основниот услов за човечкиот живот, „нашето спознавање никогаш не може да премине преку неа до разбирањето на нејзиното потекло."[17]

Оваа Винделбандова основна теза дека битието (стварноста) и вредноста се несовпадливи, германскиот филозоф Едуард Маер на следниов начин ја детронизира на теренот на естетските вредности:

---

[14] Windelband, W.: Einleitung, s. 425

[15] исто, s.425-426

[16] исто, s. 434

[17] исто, s. 434

„Кога набљудувам еден пејсаж кој ми се допаѓа, кога едно дете кое си игра го предизвикува моето внимание, или кога окото на уметникот во цртите на еден човек открива мотиви за уметничко креирање, тогаш секаде овде е ‚дадено' едно битие (стварност - K.J.), кое ниту поставува барање ниту треба да исполни некое барање за веќе да би било вредност такво какво ‚е' или какво е ‚дадено'."[18]

Секогаш кога вредноста ќе се оделотвори од фазата на својата концептуална идеалтипска таквост во контекстуална реалтипска каквост-стварност имаме негирање на дуализмот меѓу вредноста и стварноста, показ дека вредноста може да стане и станува стварна, дадена, реализирана, исполнета, односно дека не мора да остане секогаш барање, наложување, интендирање и неостварено важење. Според тоа, вредноста и стварноста не смеат апсолутно да се спротиставуваат една на друга. Па сепак, во Винделбандовиот аксиолошки концепт има и вистинити, значајни констатации кои ја погаѓаат квинтесенцијата на феноменот на вредноста. Тука, несомнено, спаѓа поставката дека за поставувањето на проценувањето на вредностите е нужно постоењето на позитивно и негативно вредносното. Потоа, тој истакнува дека нормите на вредностите и нашите дејствувања, остварувања на нив не можат да се совпаднат целосно, дека вредноста содржи идеациска димензија, која не ја исклучува нејзината конкретизациска и реализациска оделотвореност. Со други зборови, оваа разлика меѓу нормата и делото не може да се третира апсолутно и да се екстраполира на сите случаи - постои и остварување на вредностите. Меѓутоа, ако го имаме предвид вредносното создавање и остварување како процес, како непрестајно движење, Винделбанд секако има право, иако неговиот основен став е неисториски. Процесот на создавањето и остварувањето на вредностите не е и не може никогаш да биде завршен и во него нормите и барањата кои човекот си ги поставува секогаш ќе се манифестираат како нешто што оди подалеку од стварноста и од остварувањата на човекот онакви какви што се. Ако човековите вредности и стварноста на нивното исполнување би се совпаднале, тогаш, како што вели Винделбанд, „би се останало во вечна готовост".

[18] Meyer, Eduard: Sein und Sollen in der Wertphilosophie, Kant-Studien, Band 34, Berlin 1929, s. 100-101

Меѓутоа Винделбанд останува цврсто на ставот дека ние никогаш не можеме да ја спознаеме генезата на различноста меѓу она што е и она што треба да биде. Тој ја нема предвид автентичната вредносна специфика на човекот според која реализацијата на човековата онтичка универзалност се манифестира во таква конфигурација на неговиот антропограм според кој *човекот суштински не е она што е, туку она што треба да биде.*

Вредностите за Винделбанд се еден посебен, самостоен феномен. Тие, vis à vis стварноста, се надредени не само според значењето туку и суштински, оти во крајна линија потекнуваат од божјата волја или светскиот ум, кој не спаѓа ниту во сферата на субјективното ниту во регијата на објективното. Со ова лоцирање на вредностите во светот на религискиот апсолут истовремено е утврдено дека, во крајна линија, човекот вредностите не ги создава, туку просто учествува во нив доколку може да ги аперцепира, да стекне самосвест за општите априорни норми на вредностите, кои се некој одглас, резонанца на овие виши суштини во ограниченото човечко суштество. Вредностите на човекот не му се дадени, туку зададени. Од стварноста, како законит каузален процес, никако не можат да се изведат вредностите. Стварноста и вредноста принципиелно се разликуваат. Вредностите како вредности не можат да бидат стварни, стварносни, а со самото тоа ниту стварноста - природна и човечка - вредносна во вистинска смисла.

Значи, дуализмот е основна специфика на аксиологијата на Вилхелм Винделбанд. Таа посакувала да ги возвиши, апсолутизира вредностите, а всушност ги оттргнала од светот и човекот, и тоа по цена на деградирање и детронизирање и на едното и на другото. Оправдана е неговата борба против аксиолошкиот субјективизам, кој нема аргументациски стојности, оти ниту вредностите воопшто, ниту вредносните доживувања посебно, не се нешто што зависи само од индивидуално-субјективните предиспозиции и критериуми. Тие имаат своја објективност и општост. Специфицирањето на објективноста на вредностите кај Винделбанд во модусот на нивното фундирање во „надвременските", „нестварни" и метафизички регии и феномени, треба да се замени со нивното засновање во човековата природна, општествена и психолошка стварност. Нерешлива апорија на Винделбандовиот аксиолошки апсолутизам, априоризам и идеализам е

воспоставувањето на плодоносна врска меѓу вредноста и стварноста, односно манифестирањето, оделотворувањето на вредностите во стварноста, оти, конечно, и тој мора да признае дека вредностите, сепак, се манифестираат, „прилепуваат“, „атерираат“ во стварноста, иако тој тоа го допушта само во несовршен вид на аксиолошка медијација и конкретизација.

**Клучни зборови**: аксиологија, аксиолошки, априоризам и апсолутизам, Sein, Sollen, Normal - bewusstsein, Geltung.

## Литература:

1. Windelband, W.: Präludien I-II, 4 Aufl., Tübingen, 1911
2. Windelband, W.: Einleitung in die Philosophie, Tübingen, 1914
3. Windelband, W.: Lehrbuch der Geschichte der Philosophie, 5 Aufl., Tübingen, 1910
4. Reininger, Robert: Wertphilosophie und Ethik, Wien-Leipzig, 1939
5. Wiederhold, Konrad: Wertbegriff und Wertphilosophie, Berlin, 1920
6. Meyer, Eduard: Sein und Sollen in der Wertphilosophie, Berlin, 1929
7. Pavićević, Vuko: Odnos vrijednosti i stvarnosti u modernoj nemačkoj idealističkoj aksiologiji, Kultura, Beograd, 1958
8. Životić, Miladin: Aksiologija, Naprijed, Zagreb, 1986
9. Tanović, Arif: Vrijednost i vrednovanje, Zavod za izdavanje udžbenika, Sarajevo, 1972
10. Cekić, Miodrag: Od Kanta do Marksa, Beograd, 1975
11. Академија Наук СССР: Проблема ценности в философии, Москва, 1966
12. Zaječaranović, Gligorije: Savremena filozofija, I-II, 1992-1995, Niš, Univerzitet
13. Štegmiler, Volfgang: Glavne struje savremene filozofije, Nolit, Beograd, 1962
14. Đurić, Miloš, Racionalizam u savremenoj nemačkoj filozofiji, Beograd, 1928

## SUMMARY

Kole JOVANOVSKI

## WINDELBAND'S AXIOLOGY

The main goal of the author of this text is to present a brief outline of Wilhelm Windelband's axiology, focusing the attention on its main characteristics - apriorism, apsolutism and idealistic orientation. The criticism of Windelband theory is concetrated on its implicite dualism concerning the status of the values, which results in the lack of contact between the values and the reality.